РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-165/3
13-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2880/1 од 06.11.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Советот на Агенцијата за ---------- - ------------------ ----------------- ----------- (------------), **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да се произнесува за исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на Совет на -----------.

Предметот со број 12-2880/1 од 06.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 06.11.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Советот на -----------, при што оформен е предмет број 12-2880/1 од 06.11.2024 година.

Во пријавата е наведено дека Комисијата за прашања на избори и именувања во Собранието на РСМ на седницата одржана на 29.01.2025 година ја утврдила предлог листата за членови на Советот на ------------, во која дел од предложените кандидати за членови на Советот на ---- -----------, ------------ ------------ - ---------- ----------- не ги исполнувале условите предвидени во членот 16 став 1 од Законот за ---------- - ---------------- -------------- ----------- (----------------). Кон пријавата се доставени уште две дополнувања на 04.02.2025г. и на 06.02.2025 година, во кои се оспорува законитоста на спроведената постапка на предложените лица за избор за

членови на Советот на -------------. (--------- ----------, ---------- ---------, --------- --------- ------------, --------- -----------, -------- -----------, ----------- ---------- и ----------- -----------).

При разгледување на предметните наводи и од увидот во јавно достапните информации на официјалната веб страна на Собранието на РСМ, ДКСК го констатира следното:
- Одлуката за објавување на јавен конкурс за именување на членови на Советот на --------- е донесена на ден --.--.------ година и истата е објавена во Службен весник бр.----- од --.--.----- година.
- Од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на РСМ на 13.11.2024 година по одржана јавна расправа за утврдување на кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот конкурс за именување на членови на Советот на -----------, бил изготвен конечен список со кандидати кои ги исполнуваат условите утврдени во член 16 од Законот за ----------.

Од увидот во јавно достапните информации и документација, ДКСК утврди дека предметната постапка за избор на членови на ----------- била реализирана од страна на надлежен орган, Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на РСМ, во чија надлежност е да провери и утврди дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите за избор на членови на Совет на ----------, утврдени во член 16 од Законот за ААВМУ.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема надлежност да се произнесува за исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на Совет на ---------- и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК